898

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Сектор за внатрешни работи за град Скопје
Комесаријат за општа безбедност
Единица за безбедност на патниот сообраќај
Одделение за извештаи за сообраќајни незгоди
Бр. 27.3.4.2/ 9 - 898
11 04 2013 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 112 став 1 од Правилникот за начинот на вршење на полициските работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/07) се составува

## ЗАПИСНИК ЗА ИЗВРШЕН УВИД
## НА МЕСТОТО НА НАСТАНОТ бр.898

На ден 27.03.2013 година, на автопат Велес – Скопје, поточно на клучка Хиподром, во 13.00 часот во Скопје.

Увидот го врши полициски службеник БРАНКО НИКОЛОВСКИ раководител на увидна екипа и УПС-ТОНИ БЛАЖОВСКИ од Одделение за извештаи на сообраќајни незгоди.

На местото на настанот е излезено поради: случена сообраќајна незгода

Настанот е пријавен од дежурниот во Центар за известување и командување при СВР-Скопје на 27.03.2013 година во 12.15 часот.

За излегување на местото на настанот се известени:

1. Истражниот Судија Душан Јосифов на ден 27.03.2013 година во 12.30 часот
2. Јавниот Обвинител Жаклина Крстевска Јосифоска на ден 27.03.2013 година во 12.30 часот
3. ______________________________
4. На местото на настанот е излезено за 45 минути.
5. Увидот започна на 27.03.2013 година во 13.00 часот.

На увидот присуствуваа:

1.__ во својство на учесник
2.__ во својство на учесник

Местото на настанот е обезбедено од патрола од ПС за БПС-Петровец

Атмосферски и светлосни услови за време на вршење на увидот: дење, коловоз сув.

На местото на настанот се затекнати следните лица:

1.______________
2.______________

ОПИС (*детален опис на местото на настанот со распоредот на предметите и трагите во него и нивните ознаки*);

ПРЕВЗЕМЕНИ АКТИВНОСТИ (*обезбедување на персонални докази и материјални траги и предмети, фотографирање, скицирање, алкотест, вонреден технички преглед, преглед на возило, и други активности*):

УЧЕСНИК:

1.НИКОЛА МЛАДЕНОВ од татко Благое, роден на 10.03.1964 година, во Скопје каде и живее, ул.„Козле" бр.[redacted]Б, државјанин на РМ, со вд.бр. [redacted] од "Б" категорија издадена од СВР-Скопје. По десната сообраќајна лента од автопатот Велес -Скопје во насока од Велес кон Скопје, управувал ПМВ„Мерцедес Е 220" СК-302-ВН сопственост на ДЛ„Еуролизинг" ДООЕЛ од Скопје ул.„27-ми Март"[redacted] со важност на сообраќајна дозвола до 05.04.2013 година, осигурано во „Винер Осигурување". За време на незгодата излегол десно надвор од коловозот.

ОПИС НА ЛИЦЕ МЕСТО:

Сообраќајната незгода се случила на 26.03.2013 година во 23,15 часот, на автопат Велес - Скопје, поточно на клучка Хиподром, во Скопје.

Споменатиот автопат е јавен пат од највисок сообраќаен ранг, изграден од асвалтна конструкција, наменет исклучиво за сообраќај на моторни возила и означен со пропишан сообраќаен знак. Гледано во насока од Велес кон Скопје, пред местото на незгодата, автопатот е изграден од еден коловоз со две физички одвоени коловозни ленти со средишно зеленило и металии одбојни огради. Секоја коловозната лента има по три сообраќајни ленти по кои се се одвива интензивен сообраќај во една насока. Асвалтната подлога за време на вршење на увидот беше сува. На наведениот автопат од двете страни на коловозот има поставено метална заштитна ограда. На самото место на незгодата, коловозната лента од автопатот Велес – Скопје во насока од Велес кон Скопје со надолжни испрекинати линии се поделени на по две сообраќајни ленти. На клучка Хиподром, коловозната лента од автопатот Велес – Скопје се дели на коловозна лента која води кон град Скопје и коловозна лента која продолжува кон северната обиколница на град Скопје. Коловозната лента која води кон влезот на град Скопје, на самото место на незгодата е со надолнина и кривина во лево и истата претставува дел од клучка Хиподром. На левата и десната страна од коловозната лента има поставено метални еластични огради, а на самата клучка има поставено бетонска ограда.

Гледано во насока од Велес кон Скопје, на самата клучка Хиподром на десната сообраќајна лента се гледа траг на кочење во должина од 27,00м. кој траг не потекнува од ПМВ„Мерцедес Е220„.После овој траг на левата страна од автопатот поточно на бетонската ограда се гледаат траги од боја и гума кои не потекнуваат од оваа сообраќајна незгода. Над овие траги, на бетонската ограда се гледаат траги од стакло кои не потекнуваат од оваа сообраќајна незгода. Од завршетокот на бетонската ограда, десно, на растојание од 40,00 метри, на десниот раб на коловозот започнуваат траги на движење со откопана земја кои продолжуваат по земјениот брег во должина од 49,50 метри, оставени од предното десно тркало од ПМВ„Мерцедес Е 220" при излегување десно надвор од коловозот. На местото каде што возилото излегло десно надвор од коловозот недостасува дел од металната заштитна еластична ограда во должина од 8,00 метри, која е оштетена од удар на возилото, а пред местото каде што недостасува дел од металната заштитна еластична ограда, на металната заштитна еластична ограда се гледа брис и траг од боја од удар на возилото во истата. На местото каде што била прицврстена

металната заштитна еластична ограда е откорнато едно метално столбче и свиткани се две метални столбчиња, на кои била прицврстена оградата. На земјената површина, покрај металната заштитна еластична ограда се гледаат траги од пластика испаднати од возилото при ударот во металната заштитна еластична ограда, а исто така, траги од пластика се гледаат разнесени на земјениот брег во правец на движење на возилото како и десно од брегот на земјената површина. Од завршетокот на трагот на движење на возилото по земјениот брег каде што се гледа и откопана земја, на растојание од 11,00 метри, исто така на земјената површина се гледаат траги на откопана земја во должина од 12,00 метри каде што удрило возилото со својот заден лев и страничен дел при падот од земјениот брег. На откопаната земја каде што удрило возилото се гледаат траги од стакло како и траги од пластика од лево стоп светло испаднати од возилото при ударот. Лево од завршетокот на трагот на движење на возилото по земјениот брег, на растојание од 35,00 метри, на земјената површина се гледа испаднат дел од металната заштитна еластична ограда во должина од 8,00 метри, кој недостасува од местото каде што е поставена металната заштитна еластична ограда, откинат од удар на возилото. Десно од завршетокот на трагот на движење на возилото по земјениот брег, на растојание од 10,00 метри, на земјената површина се гледа испадната предна регистарска таблица од возилото. Од завршетокот на откопаната земја каде што удрило возилото, на растојание од 18,00 метри, во обраснати растителни дрвја и жбунови, превртено на кров се гледа ПМВ„Мерцедес Е 220" СК-302-ВН, со предниот дел свртено кон североисток. Позади возилото на растојание од 6,50 метри, се гледаат четири оштетени растителни дрвја, чии што гранки се искршени од удар на возилото во истите. Позади возилото на растојание од 8,30 метри, во растителните дрва и жбунови се гледа испадната предна хауба од возилото. Десно од возилото на растојание од 6,00 метри, е пронајдена пластична запалка. Испред возилото на растојание од 22,50 метри, на земјената површина обрасната со ниска трева, се гледа усмртеното тело на учесникот Никола, со лицето свртен кон земја. Испод лицето, на земјата се гледаат траги од крв. На растојание од 0,30 метри од главата на учесникот Никола, се наоѓа растително дрво на кое се гледаат траги од крв. Западно од телото на учесникот Никола, на растојание од 12,20 метри, се гледа испаднат акумулатор од ПМВ„Мерцедес Е 220". Јужно од акумулаторот, на растојание од 6,50 метри, се гледа откопана земја на местото каде што паднал акумулаторот, а јужно од трагите на откопата земја постои растително дрво на кое се гледаат скршени гранки од удар на акумулаторот пред да падне на наведеното место. Јужно од телото на учесникот Никола, на растојание од 7,00 метри, на земјената површина се гледа потисната трева и земја, како и искршени суви гранки на местото каде паднало телото на учесникот Никола при испаѓање од возилото. На ова место е пронајдено пластично копче кое испаднало од јакната на учесникот Никола при падот на земјената површина. На ова место, на обраснатата ниска трева се пронајдени траги од крв испаднати од учесникот Никола при падот на земјената површина. Јужно од телото на учесникот Никола, на растојание од 4,60 метри, на земјената површина обрасната со ниска трева се пронајдени три фискални сметки.

За стојна точка земен е агол од завршетокот на бетонската ограда од автопатот и мерено од стојната точка до почетокот на трагите на движење на возилото при излегување надвор од коловозот, растојанието изнесува 40,00 метри.

Од страна на увидната екипа превземени се следните дејствија:-извршен е увид на лице место, скицирање, фотографирање, лице местото е снимено со видео камера и истото е снимено со видео фотограметриска камера „СФЕРОН„.

Од незгодата со ТЕШКИ ТЕЛЕСНИ ПОВРЕДИ се задобил учесникот Никола, кој од задобиените повреди починал на лице место.

Смртта е констатирана од страна на Д-р Весна Крстевска од екипа на итна медицинска помош, која екипа излеѓла на лице место по дознавањето за случената сообраќајна незгода.

За незгодата се известени Истражниот Судија - Душан Јосифов и Јавниот Обвинител - Жаклина Крстевска Јосифоска кои излегоа на лице место, а увидот го отстапија на увидната екипа од Одделение за извештаи за сообраќајни незгоди при СВР – Скопје.

По барање на Истражниот Судија - Душан Јосифов, на лице место излегоа Проф. Д-р Биљана Јанеска и Д-р Наташа Битољану – Обдуценти од Судска Медицина и Сообраќаен Вештак – Винко Гаица.

На лице место при вршењето на увидот беше вклучена и увидна екипа од Истраги на местото на настанот и вештачења при СВР-Скопје во состав од Тони Велковски и Горан Живачки и од нивна страна беа подигнати траги за вештачење.

Лице местото на случената сообраќајна незгода е снимено со видео фотограметриска камера „СФЕРОН„ од екипа на Крим техника на МВР на РМ во состав од Слободан Оклевски и Илија Цветановски.

По барање на Истражниот Судија - Душан Јосифов, телото на починатиот учесник Никола е предадено на Институт за Судска Медицина за обдукција.

Со влечна служба на АМСМ – Скопје, ПМВ„Мерцедес Е220" СК-302-ВН е подигнато од лице место и однесено во кругот на МВР на РМ, за вештачење.

Од незгодата на ПМВ„Мерцедес Е220" оштетени се: преден браник, предна маска, предна хауба, лев и десен фар, бандаш и гума од предно десно тркало оштетени од удар во металната заштитна еластична ограда, како и предна шофершајбна, предно лево и десно крило, ладилник и други оштетувања на моторот, кров, задна шофершајбна, заден браник, задна хауба, лево стоп светло, задно лево крило, задна лева врата, десни врати, лев и десен ретровизор, вредно лево тркало, задно лево тркало и активирани пет заштитни воздушни перничиња и тоа воздушното перниче од управувачкиот волан е активирано, воздушното перниче под управувачкиот волан е активирано, воздушното перниче пред сувозачкото седиште е активирано, воздушната завеса од левата горна страна на возилото е активирана, воздушната завеса од десната горна страна на возилото е активирана, воздушното перниче од левата страна на возачкото седиште е активирано од удар во металната еластична ограда, земјената површина, растителните дрва и превртувањето.

Од ударот на возилото оштетена е металната заштитна еластична ограда во должина од 16,00 метри и три метални столбчиња на кои била прицврстена истата, сопственост на Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје ул.„Даме Груев„ бр.14.

На лице место при вршењето на увидот од увидна екипа од Истраги на местото на настанот и вештачења при СВР-Скопје беа подигнати растителни листови со траги слични од крв, копче, парче од стакло подигнато од облеката од јакната на починатиот, подигнати стакла од бетонската банкина, пластична лајсна подигната

од задната десна врата, примерок од нанесен материјал подигнат од металната еластична ограда од десната страна, подигнати траги од нанесена боја на задниот десен дел од возилото, подигнати траги од боја нанесени на бетонската банкина, подигнат примерок нанесен материјал од оштетената метална еластична ограда, предната регистарска таблица од возилото, а облеката (кафена јакна, кафени панталони со ремен, темно-црвен џемпер, кошула, гаќи, бела маица на прерамки и црни чорапи) и кафени чизми кои насебе ги носел починатиот Никола Младенов од страна на увидната екипа од Одделение за извештаи за сообраќајни незгоди при СВР-Скопје се подигнати во Институтот за судска медицина и истите со ПМВ„Мерцедес Е220„ СК-302-ВН со сообраќајна дозвола се доставени во кругот на МВР на РМ, односно до Одделот за криминалистичка техника за да на истите се изврши вештачење, односно да се утврди:

-дали на доставеното возило има присуство на траги од крв и влакна и во тој случај да се одреди нивното потекло и особености;

-дали трагите на растителните листови претставуваат траги од крв и во тој случај да се одреди нивното потекло и особености;

-да се утврди марката и типот на возилото како и бројот на шасијата;

-дали трагите од боја подигнати од бетонската банкина се совпаѓаат со неспорната боја од возилото;

-да се утврдат карактеристики на подигнатата нанесена боја на задниот десен дел од возилото и бојата нанесена на украсната лајсна на задната десна врата и да се определи висината и положбата на бојата;

-да се утврди дали сите воздушни перничиња се отворени;

-да се утврди дали на облеката која ја носел возачот постојат механички оштетувања и доколу има да се даде опис на оштетувањата;

-дали на облеката на возачот постојат траги од активираните воздушни перничиња во возилото како и на истата да се утврди дали постојат траги од стакла и доколу има да се утврди од кои стакла на возилото припаѓаат;

-дали парчињата од стакло подигнати од бетонската банкина се совпаѓаат со стаклата од предметното возило;

-дали копчето пронајдено на лице местото припаѓа на јакната која ја носел возачот;

-дали подигнатиот примерок нанесен материјал на оштетената метална еластична ограда (преку која возилото излегло десно надвор од коловозот) се совпаѓа со бојата од предната регистарска таблица;

-дали нанесениот материјал на металната еластична ограда се совпаѓа со бојата од предметното возило и

-дали парчето од стакло подигнато од јакната (од пределот на левото рамо) се совпаѓа со стаклата од возилото и да се утврди на кое стакло припаѓало парчето.

Во кругот на МВР на РМ извршен е криминалистичко-техничка обработка на ПМВ„Мерцедес Е220„ со регистарски број СК-302-ВН, а од добиениот резултат се гледа дека со примена на средства за зголемување и осветлување на повеќе бранови должини извршен е преглед на внатрешната и надворешната површина на скршеното предно ветробранско стакло, на површината на двете предни воздушни перничиња, на воланот, на предното лево седиште, на левата воздушна завеса, на работ околу скршеното предно ветробранско стакло и на работ од скршеното стакло

на предната лева врата, при што не е воочено присуство на видливи траги од крв и влакна. Со цел да се утврди дали на истите има присуство на невидливи (латентни) траги од крв, површината на горе наведените делови од возилото се анализирани со примена на идентификациониот реагенс за присуство на траги од крв – бензидин, при што не се добиени позитивни реакции за присуство на латентни траги од крв.

Трагите слични од крв нанесени на растителните листови се анализирани со примена SERATEC® HemDirect Hemoglobin Assay. Врз основа на добиените позитивни реакции е заклучено дека трагите на растителните листови подигнати од местото на настанот претставуваат остатоци од човечка крв.

Дел од трагите на растителните листови се подложени на ДНК анализи. Врз основа на добиените резултати од спроведените ДНК анализи, извршена е ДНК идентификација на испитуваниот биолошки материјал при што е утврдено дека испитуваните траги од крв нанесени на растителните листови подигнати од местото на настанот потекнуваат од една иста машка индивидуа.

Добиениот ДНК профил е подесен за идентификација доколку се достави споредбен референтен биолошки материјал.

При извршениот преглед на предметното ПМВ на позицијата предвидена од страна на производителот е констатиран втиснат идентификационен број *WDD2120021A015320* кој според воочените карактеристики, форма и облик на карактерите, начинот на изведба како и состојбата на металниот дел каде евидира, истиот одговара на оргинално изведен од страна на производителот. На позицијата предвидена од страна на производителот е констатирана идентификациона налепница, која исто така е носител на идентитетот на возилото, на кое евидира истиот идентификационен број, која според воочените карактеристики, димензии, начин на изведба, материјалот од кој е произведена, одговара за оргинално изведена. Врз основа на констатираните носители на идентитет кој евидираат на предметното ПМВ произлегува мислењето дека идентификациониот број на предметото ПМВ гласи *WDD2120021A015320*.

Идентификациониот број на предметното ПМВ, *WDD2120021A015320* е носител на идентитетот на возилото, врз основа на што произлегува дека предметното ПМВ е произведено од страна на "Daimler AG" серија "212, E-Class" со "Saloon" форма на носечката конструкција, со "Diesel engine" односно погонски агрегат – мотор кој користи дизел погонско возило, со управувачки механизам позициониран од левата страна на возилото (LHD), произведено во "Sindelfingen".

Со извршениот преглед на доставената облека од Никола Младенов е констатирано:

-на кафеавата кожна јакна, на предната лева страна, на 340мм. до 380мм. Од долниот раб, се констатирани механички оштетувања во форма на раскин на материјалот, карактеристично за триење на материјалот од друга површина. На задната горна лева страна од предметната јакна, во пределот на рамото, плешката и мишката се констатирани механички оштетувања во форма на раскин на материјалот карактеристично за триење на материјалот од друга површина. Левиот ракав од предметната јакна е расечен по целата должина, со двострано сечиво, со голем степен на веројатност ножица;

-на доставениот бордо џемпер се констатирани механички оштетувања во форма на ситни раскини на материјалот, позиционирани на горниот дел од левата

страна, во задниот дел од левото рамо. Левиот ракав од предметниот џемпер е расечен по целата должина, исто така на предниот лев дел од долниот раб до горниот дел е расечен со двострано сечиво, со голем степен на веројатност ножица;

-на кошулата со долги ракави на предната лева страна, на 370мм. од долниот раб е констатирано механичко оштетување во форма на раскин на материјалот со широчина од 70/80мм. На предната десна страна, на 380/390мм. од долниот раб е констатирано механичко оштетување со широчина од 10мм. во форма на раскин на метеријалот. На предметната кошула, на предниот долен дел по целата широчина се констатирани нанесени траги со зелена и кафеавкаста обоеност, со широчина од 100/120мм. На предметната кошула најдолното и најгорното копче недостасуваа. Левиот ракав е расечен по целата должина, со двострано сечиво, со голем степен на веројатност ножица;

-на доставената бела маица со прерамки не се констатирани механички оштетувања. Во долниот дел од предметната маица се констатирани траги-дамки од онечистувања со зелена обоеност. Предната лева страна од маицата е расечена по цела висина со двострано сечиво, од долниот раб до горниот дел, со голем степен на веројатност ножица;

-на предметните фармерки со кафеава обоеност на предната страна од левата ногавица, во пределот на натколеницата до делот на џебот се констатирани повеќе механички оштетувања во форма на раскин на материјалот, карактеристични за триење на материјалот од друга површина. На предната страна од десната ногавица, во пределот на ногавицата се констатирани повеќе механичи оштетувања во форма на раскин на материјалот, по целата должина, карактеристични за триење на материјалот од друга површина. На десната ногавица од задната страна, во пределот на потколеницата се констатирани траги од онечистувања, со црвена обоеност;

-на кафеавите кондури не се констатирани механички оштетувања.

При извршениот преглед на копчето пронајдено на местото на настанот, утврдено е дека истото е со кафено-црна обоеност и истото по боја, облик и димензии, се совпаѓа со копчињата кои се констатирани на кафената јакна, земена од починатиот Никола Младенов. На наведената јакна недостасува копче, врз основа на што се заклучи дека истото може да потекнува од истата.

При извршениот преглед на предметното ПМВ„ е констатирано дека воздушното перниче од управувачкиот волан е активирано, воздушното перниче под управувачкиот волан е активирано, воздушното перниче пред сувозачкото седиште е активирано, воздушната завеса од левата горна страна на возилото е активирана, воздушната завеса од десната горна страна на возилото е активирана, воздушното перниче од левата страна на возачкото седиште е активирано, воздушното перниче од десната страна на совозачкото седиште не е активирано.

Извршени се микроскопски елементарни анализи (SEM/EDS) на траги подигнати од површината на доставената облека од починатиот Никола Младенов и активираните воздушни завеси и перничиња од ПМВ„Мерцедес Е220„ со регистарски број СК-302-ВН. Притоа со компаративна анализа на вака добиените резултати за елементарниот состав, се заклучи дека на предната страна од доставената јакна и пантолони се констатирани траги кои потекнуваат од активирани воздушни завеси и перничиња (железо, алуминиум, калиум, силициум, натриум и калциум).

Врз основа на извршените анализи, се заклучи дека на доставената јакна и

пантолони, земени од починатиот Никола Младенов, се присутни траги од активирани воздушни завеси и перничиња.

При извршениот преглед на доставената облека од починатиот Никола Младенов не се констатирани траги од стакло.

При прегледот на парчето стакло подигнато на местото на настанот од јакната од предлот на левото рамо (бр.3) обележано во нашето барање за вештачење констатирано е дека истото е безбојно-транспарентно, со неправилна форма и дебелина од 0,2-0,4мм. и по своите карактеристики се совпаѓа со фрагментите стакло подигнати од предната шофершајбна на ПМВ„Мерцедес Е220„.

Со цел да се потврди резултатот, применета е метода со систем од течности со различна специфична густина и извршена е компаративна анализа на доставеното парче стакло подигнато од јакната и стаклата подигнати од шофершајбната на ПМВ„Мерцедес Е220„, истите еднакво се однесуваат во применетиот ситем, врз основа на што се констатира дека се со иста специфична густина.

При прегледот на парчињата стакло подигнати од бетонската банкина (бр.4) обележано во нашето барање за вештачење констатирано е дека истите се безбојно-транспарентни, со дебелина од 2,6-4,6мм. со рефлектирачки рељефни шари. Според констатираните својства на парчињата стакло може да се констатира дека истите потекнуваат од светлосен уред. Имајќи во предвид дека светлосните уреди од предметното ПМВ се изработени од пластика со рефрактирачки својства, може да се потврди дека парчињата стакло подигнати од бетонската банкина не потекнуваат од истото.

При извршениот преглед на доставеното возило од истото се подигнати неспорни фрагменти боја земени од каросеријата на возилото и при тоа се констатирани фрагменти со метално сива обоеност на површинскиот слој.

Со извршениот стерео-микроскопски преглед на фрагментите боја подигнати од бетонската банкина (бр.8) обележано во нашето барање за вештачење и од металната еластична ограда (бр.6) обележано во нашето барање за вештачење утврдено е присуство на фрагменти со метално сива обоеност-чија што нијанса на обоеност се совпаѓа со површинскиот слој на фрагментите боја подигнати од ПМВ„Мерцедес Е220„.

При извршениот стерео-микроскопски преглед на фрагментите боја подигнати од оштетената метална еластична ограда(преку која возилото излегло десно надвор од коловозот-бр.9) обележано во нашето барање за вештачење утврдено е присуство на фрагменти со црвена и црна обоеност чија што нијанса на обоеност се совпаѓа со површинскиот слој на црвената и црната боја од предната регистарска таблица. Резултатот е потврден со примена на методата раманска спектроскопија.

При извшрените мерења на трагите со црвена и црна обоеност нанесени на задниот десен дел од ПМВ„Мерцедес Е220„ на повеќе позиции се констатирани хоризонтални траги од боја нанесени во вид на црвени и црни брисеви лоцирани на висина од 60-85см. мерено од подлогата.

Со извршениот стерео-микроскопски преглед на фрагментите боја подигнати од задниот десен дел од возилото утврдено е присуство на фрагменти со црвена и црна обоеност. Констатираната црвена боја на задниот десен дел од возилото се разликува со црвената боја од доставената регистарска табличка и истата претставува црвена боја која се користи за заштитна на метални површини и нема

слој од заштитен лак кој е карактеристичен за автомобилските бои. Исто така црната боја воочена на задниот десен дел од возилото претставува траг од црн полимер.

Со изршениот стерео-микроскопски преглед на фрагментите боја подигнати од доставената пластична лајсна земена од задната десна врата утврдено е присуство на сиво обоени траги од засушен градежен материјал. Резултатот е потврден со примена на методата на инфра црвена спектроскопија.

На 04.04.2013 година Истражниот Судија од Основниот Суд Скопје-1, Душан Јосифов издаде писмена наредба број VIII КРИ бр.1277/13 за да се превземе истражно дејствије „Дополнителен преглед и претрес на местото на настанот„ на автопатот Велес – Скопје кај клучката Хиподром во врска со случената сообраќајна незгода како би се пронашле предмети и траги од важност за предистражната постапка кои потекнуваат или се во врска со случената сообраќајна незгода и на истите траги да се изврши соодветно вештачење од вешто лице.

По добиената наредба, Вешти Лица од Оддел за крмининалистичка техника при МВР на РМ – Слободан Оклевски, Весна Антиќ, Гоце Марков, Стевче Јовановски и Илија Цветановски, увидна екипа од Единица за место на настан и вештачење-Тони Велковски и Горан Живачки, увидна екипа од Одделение за извештаи за сообраќајни незгоди при СВР-Скопје-Бранко Николовски и Тони Блажовски и Вешти Лица од Бирото за Судски вештачења Скопје - дипломиран сообраќаен инжинер Невзат Зекир и дипломиран машински инжинер Драган Аксентиев, излегоа на лице местото и при тоа од местото на настанот се подигнати траги обележани од П1 до број П44, а истите претставуваат делови од ПМВ (украсни лајсни, фрагменти од светлосни уреди, фрагменти од делови од погонски агрегат-мотор, делови од ретровизори, делови од браници и слично) и истите се доставени до Одделот за криминалистичка техничка при МВР на РМ заради вештачење.

Од извршените анализи на пластичните фрагменти и делови од светлосен уред, обезбедени од местото на настанот обележани со „П35„ е констатирано дека повеќето потекнуваат од десен дел од преден браник, кој според воочените карактеристики (форма и облик) како и спред воочените ознаки потекнуваат од ПМВ марка „Субару„.

При извршените анализи на светлосниот уред-магленка, обезбедената од местото на настанот при извршениот дополнителен преглед и претрес, според формата и конструктивните својства, како и според воочените ознаки кои евидираат на истата, е констатирано дека истата потекнува од десна страна од ПМВ марка „Субару„.

При извршените анализи на фрагментите од стакла подигнати од бетонската банкина обележано со број 4 во барањето за вештачење доставени од наша страна со акт број 27.3.4.2-16/657 од 28.03.2013 година, а за кој е одговорено во вештачење 3-470/13 со акт број 22.7-21622/1 од 05.04.2013 година **дека не потекнуваат од ПМВ„Мерцедес„** е постигнато вклопување во една целина по линијата на кршење, на еден фрагмент од стакло со светлосен уред-халогенка, со што се потврдува дека фрагментите од стакло обележани со број 4 во барањето за вештачење подигнати од бетонската банкина при извршениот увид на 27.04.2013 година потекнуваат од предметниот светлосен уред-халогенка кој припаѓал на ПМВ марка „Субару„.

При извршениот преглед на предниот одбојник-браник (подигнат при извршениот дополнителен преглед и претрес) е констатирано дека потекнува од

предметното ПМВ марка „Мерцедес Е220„ со регистарски број СК-302-ВН. На левата страна од истиот не се констатирани механички траги во вид на завлекувања и гребење по бетонската препрека, а исто така и на левата страна од возилото(предно лево крило, предна лева врата, задна лева врата) не се констатирани механички траги во форма на гребаници кои би потекнувале од контакт со бетонска ограда поцизионирана на левата страна од коловозот.

Од извршените проверки од наша страна утврдено е дека брисевите со сива обоеност нанесени на левата страна на бетонската ограда потекнуваат од случена сообраќајна незгода на 10.01.2011 година во 07,10 часот во која учествувало ПМВ„Хонда Јазз„ ВЕ-171-БО за што од наша страна е изготвен записник за увид заведен под наш број 91.

Од извршените проверки од наша страна утврдено е дека на 18.12.2010 година во 23,15 часот на автопатот Скопје-Велес на самата клучка Хиподром се случила сообраќајна незгода во која учествувало ПМВ„Субару Леганца„ СК-140-УО кое возило удрило во металната еластична ограда, а од ударот во оградата помеѓу останатите други оштетувања било оштетено предното десно халогено светло, за што од наша страна е изготвен записник за увид заведен под наш број 4310.

По завршување на увидот, Одделение за извештаи за сообраќајни незгоди при СВР-Скопје писмено се обрати до Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје ул.„Даме Груев„ бр.14 за да бидеме известени дали на автопатот Велес-Скопје, поточно на патарините Отовица и Петровец има инсталирано камери за видео надзор за следење на возилата кои минуваат по споменатиот автопат, а од добиениот одговор од нивна страна е наведено дека се уште не биле поставени камери на споменатите места и нема видео надзор за следење на возилата кои поминуваат по спомнатиот автопат.

Увидот заврши во 19,45 часот.

НАПОМЕНА: При користење на овој записник, особено во поглед на личните податоци на лицата наведени во истиот, ДОЛЖНИ сте да се придржувате кон одредбите од Законот за заштита на лични податоци (Сл.весник на РМ број 07/05) бидејќи овие податоци имаат строго доверлив карактер.

ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБЕНИК
БРАНКО НИКОЛОВСКИ

ес